# ПРАШАЊА ЗА ТЕСТ

# МЕЃУНАРОДНО ПРАВО

1. Кои вид на одлуки на Европскиот суд за човекови права, од аспект на нивното извршување, се предмет на надзор од страна на Комитетот на министри при Советот на Европа?

2. Кој врши надзор над извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права со кои е констатирана повреда на Европската конвенција за човекови права?

3. На што е ограничен надзорот над извршувањето на одлуките за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права кој го врши Комитетот на министри?

4. Која од наведените е општа мерка, која државата ја презема во процесот на извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права за целите на превенирање на идни слични повреди на Европската конвенција за човековите права?

5. Која од наведените е индивидуална мерка, која државата може да ја презема во процесот на извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права?

6. Што сé може да подразбира извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права со кои е констатирана повреда на Европската конвенција за човековите права?

7. Што е целта на општите мерки кои се преземаат за целите на извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е констатирана повреда на Европската конвенција за човекови права ?

8. Што е целта на индивидуалните мерки кои се преземаат за целите на извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е констатирана повреда на Европската конвенција за човекови права?

9. Кому му припаѓа на национално ниво, обврската за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права?

10. Преку кои инструменти се реализира надзорот на Комитетот на министри над извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права?

11. Која институција е надлежна на национално ниво да ги изготвува акционите планови и извештаи во процесот на извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е констатирана повреда на Европската Конвенција за човекови права?

12. Кога се смета за извршена пресудата на Европскиот суд за човекови права ?

13. Во кој рок државата е должна да го поднесе до Комитетот на министри, иницијалниот акционен план за извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права?

14. Која од наведените мерки преставува индивидуална мерка за извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е констатирана повреда на Европската конвенција за човекови права?

15. Кои од наведените, се предвидени во членот 35 став 1 од Конвенцијата за заштита на човековите права, како критериуми за допуштеност на индивидуалната жалба пред Европскиот суд за човекови права?

16. На кои правни лекови се однесува обврската за искористување на домашните правни лекови како критериум за допуштеност на индивидуалната жалба пред Европскиот суд за човекови права ?

17. Кое право го гарантира членот 13 од Европската конвенција за човекови права?

18. Со кои индивидуални мерки може да се изврши пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е констатирана повреда на правото на судење во разумен рок од членот 6 на Европската конвенција за човекови права?

19. Што е целта на општите мерки за извршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права со кои се констатира повреда на Европската конвенција за човекови права?

20. Какви акти усвојува Европскиот суд за човекови права во врска со индивидуалните жалба по кои одлучува?
21. Каков акт усвојува Европскиот суд за човекови права, во случај кога констатира повреда на Европската конвенција за човекови права?

22. Каков акт усвојува Европскиот суд за човекови права кога констатира спогодбено решавање на предметот?

23. Дали Европскиот суд за човекови права може со пресудата со која констатира повреда на Европската конвенција за човекови права да и наложи на државата

определени мерки кои државата треба да ги преземе за целите на извршување на пресудата?

24. Дали пресудата со која Европскиот суд за човекови права констатира повреда на Европската конвенција за човекови права е основ за барање за повторување на домашната постапката?

25. Како се нарекува електронската збирка на судската пракса на Европскиот суд за човекови права ?

26. Која е правната основа на принципот на задолжителност и обврската за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права?

27. Чие тело е Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права?

28. Од кои причини Европскиот суд за човекови права не ги прифати аргументите на Владата за недопуштеност на индивидуалната жалба поради неискористување на правниот лек за заштита на правото на судење во разумен рок во случајот *Паризов v. РМ*?

29. Што е HUDOC?

30. Дали акционите планови и извешати кои државите членки на Советот на Европа ги доставуваат до Комитетот на министри за целите на надзорот што тој го врши над извршувањето на пресудите се јано достапни документи?

31. Кој може да поднесе индивидуална жалба до Европскиот суд за човекови права?

32. Кои од наведените се во составот на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП?

33. Каков вид на акти усвојува Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права ?

34. Дали обврската за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права припаѓа на судската или законодавната власта подеднакво колку и на извршната власт?